**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА КОНСОЛИДИРАНИ ОСТВАРЕНИ РЕЗУЛТАТИ**

**За период Јануари - Септември 2023 година**

Пекабеско АД за периодот Јануари-Септември 2023 оствари позитивен консолидиран финансиски резултат искажан во неревидираниот Биланс на Успех

**Сметководствени политики и методи на вреднување**

Во 2023 година нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување на позициите во финансиските извештаи на Пекабеско АД.

**Вкупни приходи**

Остварените вкупни консолидирани приходи од работењето во периодот Јануари-Септември 2023 година изнесуваат 4.013 милиони денари и се на еднакво ниво во споредба со остварените во истиот период за 2022 година. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество од 99%, имаат приходите остварени со продажба на готови производи, стоки и услуги кои исто се на еднакво ниво во споредба со остварените во 2022 година.

**Вкупни расходи**

Остварените вкупни консолидирани расходи во периодот Јануари-Септември 2023 година изнесуваат 3.933 милиони денари и се на исто ниво како и во 2022 година.

**Инвестиции**

Вкупните консолидирани инвестиции во основни средства во периодот Јануари-Септември 2023 година изнесуваат 65,2 милиони. Инвестициите се главно во производствена, компјутерска и канцелариска опрема.

Во периодот Јануари-Септември 2023 година не се направени значителни отписи или продажба на материјалните средства

**Обврски по кредити**

Вкупната консолидирана задолженост на 30.09.2023 година изнесува 199 милиони денари и во споредба со крајот од минатата година бележи намалување од 16,4%.

**Дивиденди**

Пекабеско АД за периодот Јануари-Септември 2023 нема исплатено дивиденда

**Вработеност**

Бројот на вработени во Пекабеско АД консолидација за периодот Јануари-Септември 2023 изнесуваше 434 вработени, помалку за 36 од минатата година

**Очекувања за престојниот период**

Целокупното работење во Пекабеско ад за периодот Јануари-Септември е согласно планираните резултати.
Ликвидноста на компанијата е задоволителна. Нема репрограмирање на обврските како спрема финансиските институции ниту спрема добавувачите во земјата и странство. Залихите на готов производ, стоки и репроматеријали се поставени на соодветно ниво согласно економската ситуација во земјата и странство.
Компанијата ги следи економските трендови во националната, регионалната и глобалната економија со цел да се здобие со информации корисни за процесот на одлучување.

Пекабеско ад